***Вежба за комуникација преку чет***

Дадени се прашања кои најчесто се поставуваат кога двајца се запознаваат на чет. Идејата на вежбата е ученикот да одговара на прашањата на анонимниот соговорник на начин кој ќе му овозможи да остане безбеден и нема да оддаде свои лични податоци или било какви податоци кои можат да му овозможат на соговорникот да го лоцира и потоа евентуално да му наштети. Прашањата се веќе дадени, а ученикот треба да ги пополни одговорите во просторот предвиден за тоа. Потоа групно може да се дискутираат одговорите на ученикот и да се извлечат корисни заклучоци.

<u>*Вежба:*</u>

**Анонимен:** Здраво

**Ученик:** ____________________________________________________________________

**Анонимен:** Како си?

**Ученик:** ____________________________________________________________________

**Анонимен:** Како се викаш?

**Ученик:** ____________________________________________________________________

**Анонимен:** Од каде си? Каде живееш?

**Ученик:** ____________________________________________________________________

**Анонимен:** Каде учиш? Кое одделение/година си?

**Ученик:** ____________________________________________________________________

**Анонимен:** Што правиш во слободно време? Имаш некое хоби?

**Ученик:** ____________________________________________________________________

**Анонимен:** Може да ми ја дадеш твојата имејл адреса за да се допишуваме по имејл? Ќе ти пратам и некоја фотографија?

**Ученик:** ____________________________________________________________________

**Анонимен:** Излегуваш некаде со друштвото? Каде се „движите“ обично?

**Ученик:** ____________________________________________________________

**Анонимен:** Ај прати ми некоја фотографија да видам како изгледаш.. ОК? Еве, и јас ќе ти пратам моја..

**Ученик:** ____________________________________________________________

**Анонимен:** Сакаш да одиме на пијачка/сладолед некаде? Да се запознаеме и вистински.. Баш фино ни оди муабетот..

**Ученик:** ____________________________________________________________